Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 73, 30 јануари 2012 година

јануари 2012 година
Штип

## С О Д Р Ж И Н А

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент (специјалист) за научната област радиологија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 4

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање доцент/вонреден професор за наставно-научната област анестезиологија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 8

**РЕФЕРАТ** за иизбор на наставник во сите звања за наставно-научната област имунохематологија и хематологија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 14

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент (специјалист) за научната област анестезиологија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 36

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент (специјалист) за научната област интерна медицина на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 40

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент за научната област математика на Факултетот за информатика при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 44

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање помлад асистент за научната област романистика на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 47

**РЕФЕРАТ** за избор на еден соработник во звање асистент за научната област меѓународно јавно право на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 50

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научната уметничка област пијано и методика на наставата по пијано на Факултетот за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 56

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научните и уметнички области теорија на музиката и композиција на Факултетот за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 63

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот-скрипта „Познавање на стоката“ од д-р Нако Ташков, доцент на Факултетот за туризам и бизнис логистика и д-р Ацо Кузелов, доцент на Земјоделскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 70

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за учебникот „Полјоделство” од авторите проф. д-р Љупчо Михајлов и ас. м-р Фиданка Трајкова од Земјоделскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 71

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Органска хемија“ од авторот д-р Киро Мојсов од Технолошко-технички факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 75

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Основи на технолошко инженерство“ од авторот доц. д-р Винета Сребренкоска, Технолошко-технички факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 76

**РЕЦЕНЗИЈА** на „Скрипта по предметот Вовед во право на ЕУ“ од д-р Љупчо Сотироски, доцент на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 78

**РЕЦЕНЗИЈА** на „Скрипта по предметот Право на ЕУ, правда и внатрешни работи“ од д-р Љупчо Сотироски, доцент на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 82

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот со наслов „Кредитна политика“ (скрипта) од авторот доц. д-р Виолета Маџова, Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 86

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за е-скрипта „Физичкото воспитание и образование кај децата од предучилишната и раната училишна возраст“ од асистент д-р Билјана Попеска, Педагошки факултет, при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 89

## Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА „СКРИПТА“ ПО ПРЕДМЕТОТ ПРАВО НА ЕУ, ПРАВДА И ВНАТРЕШНИ РАБОТИ ОД Д-Р ЉУПЧО СОТИРОСКИ, ДОЦЕНТ НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ - ШТИП

Со Одлука бр. 1602-199/16 од 22 декември 2011 година, Наставно- научниот совет на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, на својата редовна седница одржана на 21.12.2011 година, ги избра рецензентите

- проф. д-р Јован Ананиев, вонреден професор;
- доц. д-р Мелина Гризо, професор на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“,

со задача да изготват и достават писмен извештај (рецензија) на „Скрипта по предметот Право на ЕУ, правда и внатрешни работи“ од д-р Љупчо Сотироски, доцент на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип.

Комисијата во горенаведениот состав, направи детална анализа и преглед на скриптата и го поднесува следниот

## И З В Е Ш Т А Ј

СКРИПТАТА претставува учебно помагало од областа право на Европската унија, правда и внатрешни работи, процесот на европската интеграција анализирана преку основачките договори и подоцнежните форми на договарање во рамките на Европската заедница и Европската унија.

Во содржината на текстот на скриптата особено внимание е посветено на различните институционални форми на органите на Европската унија, нивното значение и улога во развојот на Унијата во целина. Посебен дел е посветен на изворите на правото на Европската унија и директното дејство. Вториот дел на скриптата ги претставува европските институции на правда и внатершни работи со апострофирање на европското државјанство, азил, миграција, заедничките политики и судската соработака во рамките на унијата.

Концептот на скриптата е составен од 5 (пет) глави во кои се содржани тематските единици од правото на Европската унија и правда и внатрешни работи. Изработката на Скриптата е резултат на темелно истражување во кое се користени релевантни извори коишто авторот на соодветен начин ги употребува при проучувањето на прашањата коишто ги анализира.

Основниот текст на скриптата содржи поглавја кои во целост кореспондираат со Наставниот план и програма на Правниот факултет на сите насоки на кои се изучува предметот. Предметот за којшто е наменета скриптата се слуша во трета година во шестиот семестар на Применета политика и допломатија, Правосудна насока и Јавна администрација со неделен фонд од 2+2+1 со 8 кредити.

По својата природа скриптата претставува сублимација на материјата која го изучува правото на Европската унија како релативно нова и динамична научна област. Постојниот развој на унијата во чекор се следи од научната мисла и тоа е основниот мотив на авторот да се фокусира на темата со изразен тероретски и творечки опус, а притоа имајќи го предвид фактот дека многу експерти во оваа област силно се посветени и темелно ја следат и анализираат оваа динамична материја.

Оттука, имајќи ја предвид комплексноста на материјата и нејзиниот третман, останува простор за исклучително внимателен приод во креирањето на вистинските и реалните вредности. Затоа, авторот во концептуална смисла во создавањето на оваaa содржина водел сметка за тежината на материјата и и поставувањето на вистинските вредности на Европската унија со цел да се задржи вниманието на студентите.

Дополнителен мотив за авторот во поимувањето и презентирањето на оваа содржина е Република Македонија и нејзиниот пат кон европската интеграција како земја која е силно посветена на европските вредности.

Во првата глава од скриптата, авторот прави краток осврт на историскиот развој, поим и предмет на изучување на правото на Европската унија. Особено внимание авторот посветува на дизајнирањето на европската инфраструктура по Втората светска војна како основен мотив и предизвик за надминување на историските антагонизми на големите сили. Затоа идејата за обединета Европа се трансформира во конкретни институционани форми на заедничко делување и посветеност, следејќи ги одредбите на основачките договори. Авторот во тој дел ја апострофира неминовноста од Стратегија за развој во одделни области и потребата од квалитетно регулирање на правото, создавајќи претстава за основите на правото и делокругот на работи коишто се предмет на негово изучување.

Во втората глава, како логичен продолжеток на првиот, големо внимание се посветува на европската интеграција дефинирана преку одредбите на основачките договори, со што реално се детерминира и предметот на изучување на ова правна дисциплина. Во основа, овие договори се темелот на комунитарното право на заедницата од времето на нејзиното создавање до денес. Во оваа смисла, авторот успеал да ги поврзе историските договорни приодбивки олицетворени во единствениот европски акт, договорите од Мастрихт, Амстердам, Ница и на крајот Лисабон. Секој договор претставува дел на примарното право и се надградува, ја менува или пак ја дополнува содржината со единствена цел, таа да одговори на предизвикот на времето.

Притоа авторот водел сметка за реално прикажување на историските посебности на договорите преку процесот на проширување на заедницата, постојаната меѓувладина соработка и потенцирајќи ги институционалните промени. Во постојниот историски интегративен процес на Европа и нејзиното право, авторот се посветува на големите придобивки кои се темелат на зголемените човекови права и слободи и протокот на стоки и услуги. Граѓаните на Европската унија добиваат значителен демократски капацитет и улога во создавање на заедничкиот пазар и негување на заедничките вредности и почит на различностите.

ТРЕТАТА глава е посветена на институциите на Европската унија. Авторот дава општа слика на институционалниот развоен концепт на Европа од периодот на идејата за создавање на единствена форма за живот и просперитет.

Во таа смисла авторот ги претставува основните институционални форми на институциите, нивните функции, надлежности и притоа ги анализира меѓусебните односи и влијанија. Развојот на институциите се манифестира со изразена потреба од соработа, меѓусебно информирање кое во денешните форми се појавува како политика на коодлучување за важни стратешки прашања. Во институционалиот опис, авторот одделно ја манифестира развојната и динамична компонента на секоја институција ооделно прикажувајќи ги спефифичностите и посебностите. Во тој контекст, авторот ги нагласува демократските начела, владеењето на правото и зајакната соработка на институциите. Посебен дел авторот посветува на односот на унијата и земјите-членки преку анализата на процесот на проширување и новите земји кои пристапуваат во унијата. Во основа, идејата на авторот е да се потенцира значењето на правото и потребата од почитување и спроведување на сите земји-членки.

Во четвртата глава се елаборираат изворите на правото на Европската унија. Развојот на Европската заедница и нејзиниот интегративен процес нераскинливо се поврзани со правниот систем, изворите и видовите на правото. Оттука авторот, во третирањето на правото на Зедницата прави разлика меѓу формално создадено право и правото што не е формално создадено во некоја формална процедура. Пред да се впушти во анализа на изворите на правото на Европската унија авторот потенцира дека не е едноставно со прецизност да се дефинира од каде почнува и каде завршува еден правен систем.

Во таа смисла, анализирајќки ги изворите на примарното и секундарното право, авторот нагласува дека правото на заедниците, често поимувано како право на Европската заедница или комунитарно право се состои од правила кои се резултат на делување на земјит- членки, институциите и органите на заедницата.

Во таа смила, авторот на едноставен начин ја вкомпонирал основата на примарно право кое е дефинирано со договорите со нагласување дека правната сила на договорите склучени од заедниците е надредена над онаа на „изведените” акти. Па оттука, во однос на секундарното право, јасно е дефинирана структурата во која влегуваат меѓународни и автономни акти на институциите, органите на заедниците и дополнувања со општите принципи признаени во правниот поредок на заедницата.

Петтата глава во суштина ја дефинира втората тематска единица која се однесува на Правда и внатрешни работи. Предмет на проучување на концептот на правда и внатрешни работи е еден од основните столбови на функционирање на унијата. Авторот на едноставен начин ја прикажал суштинската вредност на внатрешните работи, правото и неговите различни манифестации.

Авторот успеал да ја прикаже внатрешната консталација на односи која по дефиниција преминува во надворешна. Така, европските институции за правда и внатрешни работи претставени се како посебности, со свои правила но во исто време авторот ги поставува во соднос со облиците на други субјекти, земји-членки на унијата кои во целина остврувaат неминовна соработка. Особено е нагласена судската, полициската и царинската соработка, во единствените системи преку кои се остварува непречен проток на информации.Така внатрешната состојба преоѓа во заедничко поле на десјтвување на сите за сите со единствена цел да се овозможи постојан, непречен и квалитетен проток на луѓето, стоката, капиталот и услугите.

Се разбира, притоа авторот ги нагласува различностите, кои неминовно генерираат девијатни состојби и претставуваат предизвик за сите.

Во оваа глава авторот своето внимание го фокусира на различните облици на организирање на внатрешни институционални облици, како што се Европскиот омбдусман, Европравда, Европол, Европскиот јавен обвинител, Европската судска мрежа. Сите има европски предзнак, што значи во основа се посветени на чување и почитување на заедничките европски вредности.

Токму оваа состојба на силите, според Сотироски, претствува гаранција за негување на историските институционални придобивки и основа за натамошно заедничко дејствување. Зашто само така поставени органи ќе може да одговорат на сите негативни појави во унијата. Оттука, смета авторот дека со сигурност ќе се третира европското државјанство како симбол на слободата и демократијата. Припадноста на една земја-членка а во исто време и припадноста на заедништвото, нагласува авторот, е потенцијална можност за злопуоптреба и тензични состојби. Овде се нагласени обележјата на државјанството, граѓанските политики и повелбата на основните социјални права.

Како дополнување на овој дел, авторот ја нагласува улогата на единствениот простор како подрачје на заедничка европска политика во сферата на слободното движење на граѓаните на Европа. Демократските принципи создаваат и потреба од превенција и контрола на надворешните граници на Европската унија, па авторот ја потенцира Шенгенската договорна состојба од 1985 и 1995 година како израз на слободното движење на лица и правото на миграција.

Така, кај авторот се јавила потребата да ја дефинира политиката во однос на правниот статус на странците и во таа смисла улогата на Европскиот суд на правда, како гарант на основните права. Значи, слободата на движење создава рефлексија во унијата и потреба од регулирање на процесите меѓу кои најизразен е миграционите процес. Правото на мигрирање е дефинирано право, но во себе содржи и можност за манипулација и пречекорување. Оттука, авторот ја изразува придобивката на Женевската конвенција за бегалци, ги потенцира миграционите движења и соодветните регулации кои се однесуваат на нив.

Понатаму, авторот ја констатира потребата од третирање на азилот, прекузразличните облици на манифестација и реално постоење, фази и структура на миграциона политика.

Во преостанатиот дел, авторот посветен на судската соработка во граѓанските и трговските предмети и потребата од воспоставување на соработка помеѓу земјите членки.

Се разбира, како силно обележје на секоја земја се јавува и неминовно функционира полицијата. Авторот прави анализа на развојните процеси и реформата и европеизацијата

на полицијата како заштитник на човековите права и слободи. Притоа авторот дава приказ на полициската организација и функционалните аспекти на реформите на полицијата. Особено е нагласен контролниот механизам како гарант за стабилноста и функционалноста на полицијата.

Авторот ги нагласува компетенциите на унијата во областа на правдата и внатрешните работи преку исклучително високо ниво на новата уставна рамка на унијата.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Целокупниот материјалот анализиран и елабориран во скриптата во целост ги задоволува потребите на Наставниот план и програма по предметот Право на Европската унија и правда и внатрешни работи.

Според начинот на којшто е елаборирана материјата, ова учебно помагало ги исполнува сите стандарди на скрита. Оттука сметаме дека овој материјал позитивно ќе придонесе за зголемување на интересот на студентите за изучување на оваа материја и ќе биде од голема корист на Правниот факултет во совладувањето на овој предмет.

Во својот обид за создавање, авторот успеал на сумарен и прецизен начин да ја презентира материјата што е предмет на изучување на правото на Европската унија и правда и внатрешни работи. Така на едноставен начин правејќи една композиција, извбегнувајќи ја сложеноста на изразот, тој успеал да го издвои битното од помалку битното што е целта на скриптата како учебно помагало.

Особено е важен фактот што ова учебно помагало е предмет на предавање веќе трета наставна година. Земајќи го сето ова предвид, на мислење сме дека овој материјал ги исполнува сите стандарди на „Скрипта по предметот Право на Европската унија и правда и внатрешни работи“ предвиден во програмата предвидена за студентите од трета година на Правниот факултет.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Јован Ананиев, вонреден професор, с.р.**
**Доц. д-р Мелина Гризо, с.р.**